**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09/6-6/5
26.04.2024 година

# СОУ„Јане Сандански“ - Штип

| **Конечен Извештај од извршена интегрална евалуација** | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 19 - 21.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | /2/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Татјана Симоновска Алексова |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно општинско училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Штип |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 651 |
| **Полова структура на ученици:** | 143 машки и 507 женски |
| **Број на наставници:** | 54 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Галба Вереса |
| **Директор на училиштето:** | Марија Николиќ |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 8-10.10.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Трајко Кошевски“ бр.2А |
| **Телефон:** | 032-391-006 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | jsandanski@yahoo.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | 2,56 Добра |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013 , 41/2014 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

**Резиме**

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција, во период од 19 до 21 Февруари 2024 година, тим од тројца Државни просветни инспектори, спроведе Интегрална евалуација во работата на СОУ„Јане Сандански“- Штип.

За време на интегралната евалуација, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишен одбор, Совет на родители и Училишната заедница. Беа посетени наставни часови кај 38 наставници вработени во училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од Државни просветни инспектори констатира деka работата во СОУ „Јане Сандански“ - Штип, **Добра - 2,70[1].**

Реализацијата на наставните планови и програми е добра. Во ова училиште се реализираат наставни планови и програми од здравствена струка за образовните профили со четиригодишно образование.

Наставните планови и програми од здравствена струка и практична настава се подготвени од Центарот за средно стручно образование и Биро за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука.

Со наставните планови и програми учениците се запознаваат на почетокот на учебната година од страна на предметните наставници, а родителите се информираат на првата родителска средба и на состанокот на Совет на родители.

Реализацијата на дополнителна и додатна настава не задоволува, првенствено поради превозот на поголем број од учениците.. Сепак наставниците од сите образовни профили имаат законска обврска како и реална потреба за изнаоѓање термини за задолжителна реализација со учениците кои имаат слаби оценки.

Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби, но училиштето има изработено Инклузивен тим со инклузивна програма..

Практичната настава за учениците од втора година од образовните профили медицинска сестра, забен техничар, фармацевски техничар, физеотерапевски техничар и медицинско-лабораториски санитарен техничар се реализира во училишните кабинети и лабаратории, а за учениците од трета и четвртта година, практичната обука се реализира поголем дел надвор во компаниите, помал во училиштето..

Реализацијата на практичната настава – Учење преку работа кај работодавач, бележи особено подобрување во последната учебна година кога директорот склучил нови договори со фирми, компании и институции кои целосно ја подржуваат реализацијата на овој највжен дел од наставата во стручното образование.

Наставниците кои изведуваат феријална пракса од сите образовни профили имаат планирања - програма за реализација за феријална пракса која е доставена до директорот на училиштето и до педагошката служба и програма за безбедност и здравје при работа.

Училиштето има воспоставена процедура за избор на предмет од листата за изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина. Постапката на избор на изборен предмет се применува во целост.

**Во електронскиот дневник на паралелката не се внесуваат потребните податоци за планирање на изборните програми, содржини и активности.**

Реализацијата на вонаставните активности е добра.

Учениците се вклучуваат во изборот на вонаставните активности според своите афинитети и по своја волја.

Во училиштето има ргистрирано училишен спортски клуб „Медицинар 2017“. Учениците преку спортскиот клуб, учествуваат на голем број спортски натпревати кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди во текот на учебната година. Се следат постигањата на учениците по пол, струки и години.

Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. На полагање со една или две слаби нема ученици упатено на поправен испит.

Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот.

Предметните наставници имаат изготвени годишни, тематски процесни планирања и подготовки за наставен час, и истите ги содржат непоходните елементи за реализација и организација на наставата. Глобалните планирања се изготвуваат во електронска форма.

Реализацијата на дополнителна и додатна настава, не е во согласност со распоредот на часови.

Поголем број од наставниците по стручни предмети, поради нестигот на учебниците, наставниот процес го реализираат преку презетации и пишани скрипти, кој учениците ги обезбедуваат со своја финансиска надокнада..

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат расположливите нагледни средства и 14 смарт табли, 3 интерактивни табли, 10 ЛЦД-проектори и недоволен број на телевизори ,графоскопи и микроскопи.

Практичната настава се организира и реализира со учениците од 2. 3,и 4 година во делумно опремени кабинети во училиштето, во ЈЗУ „Клиничка болница“ – Штип, болнички и приватни аптеки, приватни интерни и дентални ординациии, Здравен дом – Штип, Центар за Јавно здравје-Штип,како и во РЕ-Физикална терапија во Бања Кежовица за учениците од смерот-Физиотерапевтски техничар .

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење.

Учениците истакнуваат дека практичната настава им е најинтересна затоа што е поврзана со она што треба да го работат по завршување на образованието.

За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со наставата и надвор од наставата.

Поголемиот дел од наставниот кадар ги препознава образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за подобрување на успехот на учениците.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценување.

Наставниците при оценувањето најчесто користат писмени работи, тестови и усно испрашување. Кај помал број од наставниците тестовити се на повисоко ниво од наставната програма и без бодовна скала.

Наставниците кои предаваат практична настава водат портфолио за секој ученик со јасно дефинирани аспекти на оценување.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие и на крајот на прво полугодие и свидетелства на крајот на учебната година.

Поддршката на учениците и севкупната грижа за учениците во училиштето е релативно добра.

Училишната зграда е од тврда градба и е изградена во 1983 година.

Инфраструктурата во училишната зграда е во релативно добра состојба

Наставата се изведува во пространи и добро осветлени училници .

Пристапот во училишната зграда не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, и не е поставена пристапна рампа.

Во училиштето, за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи се обучени и имаат сертификат 10 вработени.

Училиштето води политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства.

Хигиената во училишните простории, ходниците и тоалетите не е на задоволително ниво, и според изјавите на учениците таа треба да биде на повисоко ниво.

Во училиштето, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во учебната 2023/2024 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена и на 12.01.2024 година.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи,последните систематски прегледи се извршени за учениците од 4 година во периодот од 24.01.2023 до 01.02.2023 и редовен систематски преглед за учениците од прва година во период од 27.03-04.04.2023 година.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат и санитарни книшки.

Педагогот и раководителите на паралелки се одговорни за реализација на активностите предвидени со планот за професионална ориентација на учениците.

Со учеиците од 4 година, водени се разговори со стручната служба за избор на високо образовна институција за учениците.

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Најголем број од наставниците уживаат респркт кај родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.

Училиштето има Кодекс на однесување на наставниците, во кој се регулирани правилата на однесување на наставникот во училиштето.

Училиштето има донесено и Кодекс на однесување на учениците.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Споредбените податоци покажуваат дека најголем број од учениците се со примерно поведение.

Во училиштето има формирано Ученичка заедница, во која членовите се избрани на демократски начин. Ученичката заедница има Годишна програма за работа.

Учениците самоиницијативно не превземаат чекори за реализирање на активности во интерес на учениците и покрај тоа што сметаат дека постојат теми за кои како ученичка заедница имаат одговорност.

Стручната служба ги собира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето

На ниво на училиште се организираат најмалку пет родителски средби во учебната година.

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици.

Во рамки на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието“, обезбедено е партнер училиште СОУ„Дрита“ Кичево, со кој е потпишан договор за соработка со бр. 09-664/1 од 16.09.2015 година. Во последните 7 години училиштето нема соработка со партнер училиштето. Во тек е склучување на нов меморандум со партнер училиште од Општина Куманово.

Комуникацијата на училиштето со родителите се остварува и преку индивидуални родителски средби. Училиштето е отворено за соработка со родителите секој работен ден.

Училиштето соработува со Локалната самоуправа. Учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Соработката со бизнис секторите е со склучени меморадуми за дуалното образование.

Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда.

Училишниот двор е ограден со метална ограда со три влеза, со површина од 2 900 м$^2$ и е хортикултурно уреден.

Училиштето располага со спортски терени со гумиран под со површина од 709 м$^2$.

Спортската сала е со нестандардни димензии со површина од 300. Во делот кај спортската сала има простории за наставниците, соблекувални за учениците, за спортските реквизити и санитарни јазли. Соблекувалните не ги задоволуваат потребите за учениците при реализација на наставни часови со повеќе од еден клас.

Во средното медицинско училиште настава посетуваат 651 ученик од I до IV година, распоредени во 28 паралелки. Наставата се реализира во две смени.

Училиштето не располага со доволен број на наставни средства и помагала согласно Стандардите за простор и опрема кои за секоја одделна струка се дадени од Центарот за средно стручно образование и обука.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала во однос на информатичката технологија е добра, но за реализација на практичната настава недостасуваат нагледни средства и матерјали за работа во кабинетите..

За наставниците се обезбедени 52 лап-топ компјутери, сите се функционални. Интернет пристапот е со не постојан квалитет.

Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден според работно време кое е усогласено со часовите на наставниците-библиотекари и е истакнато на училишната библиотека.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат: 54 наставници.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес е вклучен и стручни соработници психолог и педагог.

Училиштето има Програма за професионален развој на наставниците која е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има воспоставено систем за десиминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците.

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено финансиски план, усвоен извештај - завршна сметка и План за јавни набавки дел.бр.01-93/1 од 24.01.2024 година. Финансиското работење се контролира од Училишниот одбор.

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива.

Сите членови на УО се со легитимен мандат, претставникот од стопанска комора на Македонија од 2019 година, само еднаш има присуствувано на седница на УО. Претседател на УО, согласно Законот за средно образование е од редот на наставниците.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Директорот на училиштето е именуван со Решение на Градоначалникот на Штип, со арх.бр. 09-5393/2 од 04.09.2023 година...

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето. Во неговиот мандат нема изречено писмени опомени за наставници, за недолично однесување, немање дневен оперативен план за час и тематско планирање и др.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за средно`образование.

Резултатите од Самоевалуацијата се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во

конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака, трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на средното училиште.

Училиштето не обезбедува дополнителни средства од проекти со локалната самоуправа, донации од бизнис секторот.

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цел.

Училиштето има изработено Самоевалуација со дел.бр. 01-838/2 од 06.10.2022 година и Акциски план на извештај од самоевалуацијата со број 01-1110/2 од 23.12.2022 година

Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-1118/2 од 23.12.2022 година.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки.

Тендерската постапка во училиштето ја спроведува лиценцирано лице од надвор ( 11-4/299 од 13. 10. 2023 година), Кирил Јорданов- вршител на интелектуална услуга од Штип. Број на договор 03- 98/1 од 26.01.2024 година.

Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници која составен дел на Годишната програма за работа на училиштето со број 01-590/2 од 14.08.2023 година.

Училиштето според потребите и можностите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, ја организира и следи реализацијата на наставата и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 02-677/2 од 10.06.2019 година. Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН е со арх.бр. Уп.1 18-1396 од 19.06.2019 година.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-590/2 од 14.08.2023 година, со одлука од општината бр. 08-6018/1 од 26.09. 2023 година.

Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр. 01-838/2 од 06.10.2022 година во која се наведени јаките и слабите страни во работењето.

Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-1118/2 од 23.12.2022 година.

**Карактеристики на училиштето**

Средното општинско училиште „Јане Сандански“ од Штип, за прв пат е отворено во 1957- 1958 година, на местото на двегодишната Бабичка школа, единствено во регионот со профилот медицинска сестра.

Од Решението за упис во Централен регистар е констатирано дека правниот субјект СОУ „Јане Сандански “ од Штип, со ЕМБС 4051220 е заведен од ОКОЛИСКИОТ собор на НО на Штип со број 12526 од 12.11.1956 година.

Во учебната 1963/1964 училиштето е преименувано во училиште за медицински сестри и акушерки.

Во 1978/79 година во училиштето започнува со работа и профилот медицински техничари.

Училиштето е основано како Средно медицинско школо со отсек медицински сестри и акушерски со акт за основање бр. 12526од 12.11.1956 год.

Во окружниот стопански суд Штип е регистрирано Училиште за медицински сестри и акушерки со решение Фи.бр.580/78 од 11.12.1978 година.

Во основен суд Штип на ден 17.01.2006 година се заведува под називот Средно општинско училиште „Јане Сандански“ со бр.Срег 5/06.

Во училиштето се реализираат наставни планови и програми од здравствена струка за образовните профили со четиригодишно образование и тоа во прва година се дуални паралелки , а во останатите се предхдо верифицираните паралелки:

- медицински сестри- дуална паралелка,
- физиотерапевтски техничар- дуална паралелка ,
- забни техничари - дуална паралелка
- фармацевтски техничар - дуална паралелка ,
- медицински – лабораториски санитарен техничар- дуална паралелка и
- Гинеколошко- акушерска сестра- дуална паралелка, и ...

  Наведени образовни профили од здравствената струка се верифицирани од страна на Министерсво за образование и наука во период од 2020 до 2023 година..

Воспитно-образовната дејност училиштето се реализира во една училишна зграда, изградена во 1983 година и се состои од приземје и два ката.

Училишната зграда е со вкупна површина од 2 641 $м^2$, располага со 14 училници, 7 кабинети, 8- помошни простории, 6- канцелаии ( наставници, директор, психолог, педагог, секретар и благајник), 1- спортска сала со 2 соблекувални и 6- санитарни јазли.

Училишниот двор е ограден со метална ограда со три влеза, со површина од 2 900 $м^2$ и е хортикултурно уреден.

Училиштето располага со спортски терени со површина од 2900 $м^2$. Спортската сала е со нестандардни димензии со површина од 708,56 $м^{2,}$.

Наставниот процес во училиштето го реализираат 54 наставници од кои 42 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 12 наставника се вработени на определено работно време со полн и дел со непол фонд на часови,

Во училиште настава посетуваат 651 ученици од I до IV година, распоредени во 28 паралелки. Наставата се реализира во две смени.

Наставата во СОУ,,Јане Сандански” - Штип се изведува на македонски натавен јазик.

Училишната библиотека располага со околу 5 5013 наслови и 8127 примероци од различен жанр: дела од I до IV година, слободна литература, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др.

Училиштето има добиено Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од основачот 08-4987/12 од 03.07.2023 година до Министерство за образование и наука со бр. 13-7257/2 од 16.08.2023 година.

Училиштето има согласност од Министерство за информатичко општество и администрација (бр. 13/2-2816/3 од 09.07.2015 година,) на Правилникот на внатрешна организација на училиштето, со арх.бр. 01-149/1 од 05.03.2015 година.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Реализацијата на наставните планови и програми е добра. Во ова училиште се реализираат наставни планови и програми од здравствена струка за образовните профили со четиригодишно образование:

- медицински сестри- дуална паралелка,
- забен техничар- дуална паралелка,
- фармацевски техничар- дуална паралелка,
- физиотерапевтски техничар- дуална паралелка,
- медицински лабораториско- санитарен техничар – дуална паралелка,
- гиниколошко акушерска сестра- дуална паралелка,
- фармацевтско-лаборантски техничари.

Наставните планови и програми од здравствена струка и практична настава се подготвени од Центарот за средно стручно образование и Биро за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука.

Со наставните планови и програми учениците се запознаваат на почетокот на учебната година од страна на предметните наставници, а родителите се информираат на првата родителска средба и на состанокот на Совет на родители.

Реализацијата на дополнителна и додатна настава не задоволува, првенствено поради превозот на поголем број од учениците.. Сепак наставниците од сите образовни профили имаат законска обврска како и реална потреба за изнаоѓање термини за задолжителна реализација со учениците кои имаат слаби оценки.

Во училиштето нема  ученици со посебни образовни потреби, но училиштето има изработено  Инклузивен тим со инклузивна програма..

Сепак во врска со надарени и талентирани ученици училиштето има само Програма, односно нема идентификација, работа и посебен третман на ученици кои се талентирани или надарени во одредена област.

Практичната настава за учениците од втора година од образовните профили медицинска сестра, забен техничар, фармацевски техничар, физеотерапевски техничар и медицинско-лабораториски санитарен техничар се реализира  во училишните кабинети и лабаратории, а за учениците од трета и четвртта година, практичната обука се реализира поголем дел надвор во компаниите, помал во училиштето..

Реализацијата на практичната настава – Учење преку работа кај работодавач, бележи особено подобрување во последната учебна година кога директорот склучил нови договори со фирми, компании и институции кои целосно ја подржуваат реализацијата на овој највжен дел од наставата во стручното образование.

Училиштето има случено мемурандуми за соработка во ЈЗО „Клиничка болница“- Штип, Физикална терапија - Бања Кежовица, Здравствен дом „Панче Караѓозов“, Приватни интернистички ординации, приватните аптеки.

Учениците и наставниците ја водат потребната евиденција, но се внесуваат минимум потребни податоци во дневниците кои ги водат учениците, што не ја отсликува целосно практичната работа и учењето, кај помал број  предметни наставници не се исконтролирани.

Дневниците за работа ги набавуваат со свои финансиски средства со насоки од која книжара да го набават.. Кај помал број од  приватните работодавачи , учениците не се прифатени во целост.  Практичната настава по физеотерапевски техничар, се реализира со потешкотии од причина што учениците немаат превоз до физикална терапија – Штип...

Наставниците кои изведуваат феријална пракса од сите образовни профили имаат планирања - програма за реализација  за феријална пракса која е доставена до директорот на училиштето и до педагошката служба и програма за безбедност и здравје при работа.  Оваа пракса се реализира во групи во соодветни јавни институции, болници, аптеки, здравствени домови, физикални центри, со кој училиштето има склучено договори за соработка. За учениците од другите општини е дозволено да се реализира

феријалната пракса во здравствени установи од своите општини, доколку соодвествуваат на струката и ги исполнуваат условите.

Слободните часови училиштето ги нуди како програми кои се однесуваат на проектните активности кои се одобрени од БРО и Центарот за средно стручно образование. Оваа учебна година училиштето ги реализира следните слободни часови: Примена на полимери во медицината, англиски јазик за трета година здравствена струка, светско наследство во рацете на младите, втора година планирање на кариера, трета година ученичка компанија-претприемачка практика за млади и подготовка за вработување и работа.

Училиштето има воспоставена процедура за избор на предмет од листата за изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина. Постапката на избор на изборен предмет се применува во целост.

Во реализацијата на наставните планови и програми има примери на прилагодување на наставните планови и програми на особеностите на локалната средина. На одделенските часови се реализира програмата „Образование за животни вештини". Се спроведуваат активности, предавања и работилници од областа на здравствена едукација, сексуално и репродуктивно здравје, превенција од насилство, болести на зависност и др. Одделенските раководители водат уредна документација од реализацијата на работилниците.

Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, се реализира преку интегрирани содржини кај поголем број наставници во редовна настава. Наставниците и учениците не работат на проекти и не покренуваат иницијативи од еколошка природа.

Во училиштето се реализира и програмата за „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“. Во годишните и тематските планирања, секој наставник во рамките на предметот кој го предава и можностите кои ги нуди самиот предмет интегрира теми кои придонесуваат за подигнување на свеста од неопходноста од соживот меѓу различните етнички заедници, разбивање на стереотипите и предрасудите за луѓето од различни етнички заедници, запознавање со културата и традицијата на етничките заедници во нашата држава. Во рамките на програмата за класните часови се обработуваат теми кои се поврзани со меѓуетничката интеграција.

Проектите кои се реализираат во рамките на програмата Еразмус + се во партнерство со други европски држави. Комуникацијата со ученици и наставници од други држави вклучени во проектите, како и мобилностите кои се реализираат во рамките на проектите нудат можност за запознавање на различни култури, традиции и обичаи на државите чии претставници се вклучени во проектите.

**Во електронскиот дневник на паралелката не се внесуваат потребните податоци за планирање на изборните програми, содржини и активности.**

Училиштето има партнер училиште, СОУ „Дрита“ – Кичево. Досега имаат реализирано само една заеднички активности.

### 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Наставниците имаат можност за прилагодување на наставните програми преку примена на активни методи и техники на учење.

Постојат примери на нтегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата на наставниците. Имплементирањето на планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината, а во најголем дел се однесуваат на реализација на практичната настава, учење преку работа и феријална пракса во средно стручно образование.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Од страна на поголем број наставници се реализираат содржини кои овозможуваат учениците да се стекнат со знаења од повеќе области согласно нивната возраст, а со цел развивање на одговорноста, самодовербата, како и почитување на индивидуалните разлики помеѓу учениците, почитување на човековите права и јакнење на свеста за припадност во мултикултурно општество.

Училиштето преку формалните органи расправа за наставните планови и програми, но нема покренато иницијатива за изменување на наставниот план и наставните програми.
Училиштето нема направено посебни истражувања, колку учениците, се задоволни од наставните планови и програми.

Наставниците, стручните соработници и директорот се согласни дека треба подобрување на воспитната компонента преку залагање пред се на наставниците. Учениците се однесуваат одговорно и совесно за време на настава во училиштето, и за време на наставата кај работодавачот. Поголем дел од учениците изјавија дека за време на практичната настава кај работодавците не се прифатени во целост при реализација на практична настава.

### 1.3 Вонннаставни активности

Реализацијата на вонннаставните активности е добра.

Во Годишната програма за работа на училиштето се планирани вонннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Процентот на опфатеност на учениците во вонннаставните активности е различен и зависи од конкретната активност.

Вонннаставните активности вклучуваат екскурзии, општествено корисни активности, еколошки акции, собирни акции со хуманитарен карактер, едукации на различни теми за личен развој на учениците, хор и оркестар, кошаркарски и фудбалски тим, футсал тим, проекти од Еразмус + програма. Членовите на младинската организација во голем дел учествуваат во изборот, планирањето и организирањето на овие активности.

Учениците се вклучуваат во изборот на вонннаставните активности според своите афинитети и по своја волја.

За секоја слободна ученичка активност има определено одговорни наставници кои имаат изготвено програми за работа. Интересот кај учениците за учество во вонннаставните активности делумно задоволува.

Стекнатите знаења од остварувањето на вонннаставните активности, училиштето секоја година ги потврдува преку активностите во рамките на програмата за одбележување на патрониот празник и активностите организирани од локалната заедница, како и на големиот број ученички натпревари на кои учеството на учениците од училиштето е големо.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците учествуваат на општински, регионални и државни натпревари. Во последните три учебни години учениците најчесто освојувале прво, второ и трето место на општински и регионални натпревари по биологија, англиски јазик, спорт и спортски активности, прво место на државен натпревар по спорт во категорија – фрлање на ѓуле, трета награда по биологија, англиски јазик, освоени места на општински, регионални и зонски натпревари во ракомет, пинг-понг, кошарка, футсал, одбијка, шах. Се зема учество и на литературни и ликовни конкурси на општинско ниво, како и на манифестации организирани од локалната самоуправа и институции во општината.

Големо внимание училиштето им посветува на ученичките натпревари како вонннаставни активности. Истите ги користи како можност преку која се презентираат постигањата на учениците и на училиштето во целина. Бројот на вклучени ученици на ученички натпревари и постигнатите резултати се добри.

Во училиштето се реализираат и повеќе хуманитарни активности во кои учествуваат поголем број на ученици. Основната организација на Црвен Крст заедно со ученици волонтери, учествуваат во крводарителски акции, обуки за давање на прва помош, предавања за сида и остеопороза на останатите средношколци во општината, предавања за ментално здравје, едукација за здрава храна и здрав живот..

Учениците со помош и подршка од училиштето и од наставниците работат на повеќе проекти. Училиштето е препознатливо во делот на вонаставните активности преку реализација на надворешните проекти со фирми од општина Штип и пошироко со кои има склучено и меморандуми за соработка. Учениците со помош и поддршка на училиштето, учествуваат во културно – забавни, хуманитарни и спортски активности, кои што се организираат во училиштето и на локално ниво.

Учениците во 2022 година, учествувале на Internasionaldebate edukasion association „ имам став“, и освоиле прво место на државно ниво..

Учебната 2023 година биле организирани повеќе хуманитарни акции, на кои било донирани нагледни средства за децата со посебни потрби во ООУ„ Димитар Влахов“- Штип, ООУ„ Ванчо Прке“- Штип, со цел збогатување на ресурсните центри.

Учениците традиционално учествуваат секоја година со свој проек од училиштето за одбележување на Светскиот ден против шеќерна болест , со организирање на пунктови на повеќе локации, вршат мерење на шеќерот и притисокот..

Резултатите од работата во вонннаставните активности се промовираат и презентираат на различни манифестации што ги организира училиштето, на патронен празник, отворен ден, презентации во основните училишта.

За афирмирање на активностите се користат веб страната на училиштето, инстаграм профил и фејзбук страната на училиштето, како и локалните пишани и електронски медиуми.

Училишниот одбор и родителите се запознаени со Правилникот за изведување на ученички екскурзии. Училиштето ги вклучува родителите при планирањето и реализација на ученичките екскурзии. За реализацијата на истите училиштето изготвува програма и извештај.

Училиштето со Годишната програма има планирано реализација на ученички екскурзии, како една од формите на вонннаставна активност кои имаат воспитно-образовен, културно-забавен и рекреативен карактер.

Во училиштето има ргистрирано училишен спортски клуб „Медицинар 2017“. Учениците преку спортскиот клуб, учествуваат на голем број спортски натпревати кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

## 2 . Постигања на учениците

### 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди во текот на учебната година. Се следат постигањата на учениците по пол, струки и години.

За успехот на учениците од четврта година на испитите од државна матура, училишна матура и завршен испит, исто така се изработуваат извештаи за постигнатиот успех и бројот на ученици кои положиле матура во јунскиот и августовскиот испитен рок.

Од споредбените анализи може да се констатира дека средниот успех на учениците во последните три учебни години на ниво на училиште за учебната 2021/2022 година е 4.29, за учебната 2022/2023 година - 4.33 и за 2023/2024 година до полугодие - 4.03.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно Правилникот за номинирање избор и прогласување на ученик на генерација и пофалување, а се наградуваат со дипломи и награди обезбедени од училиштето. Учениците кои имаат високи постигања се наградуваат со пофалници и парична награда.

Училиштето изготвува распоред за дополнителна и додатна настава. Реализацијата на часовите од дополнителна настава делумно задоволува. Истите не се реализираат во согласност со распоредот од страна на поголем број наставници. Часовите за додатна настава најчесто се реализираат со учениците кои се подготвуваат за учество на натпревари и за проширување на знаењата на учениците.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонтално движење на учениците, со можност за премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка.

На крајот на годината се изготвува анализа за постигнатиот успех на учениците од прва година, и успехот се доставува до училиштата во кои учениците завршиле IX одделение.

Психологот во училиштето врши советување на родители и ученици. Во учебната 2022/2023 година е извршено советување на вкупно 49 родители: по основ на намален успех во учењето/негативна оценка по три или повеќе предмети – 26 родител; по основ на нередовно посетување настава – 12 родители и по основ несоодветно однесување во училиштето –23 родители. Во учебната 2023/2024 година, извршено е советување на вкупно 39 родители: по основ на намален успех во учењето/негативна оценка по три или повеќе предмети – 28 родители; по основ на нередовно посетување настава –11 родители и по основ несоодветно однесување во училиштето – 2 родители. Психологот на училиштето води уредна евиденција и документација за советувањата на родителите.

Постигањата на учениците со пречки во развојот континуирано се следат од страна на инклузивниот тим за ученици.

### 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици кои ќе покажат интерес од регионот. Има изградено политика на опфат на ученици, при што презема различни активности, како на пример, посета и презентација на училиштето во основните училишта како и поделување на флаери кои содржат информации за училиштето. Запишувањето на ученици во училиштето се врши по пат на конкурс кој го објавува Министерството за образование и наука. При уписот училиштето се придржува до критериумите поставени во конкурсот. Во последните две учебни години бројот на запишани ученици во сите здравствени струки се зголемува, но сепак поради дуалното образование бројот во паралелките е до максимум 25, поради критериумите во Конкурсот за потребните поени. Постои зголемен интерес за запишување на учениците во дуалните паралелки. Училиштето овозможува запишување и на ученици со пречки во развојот.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности кои во последните три години даваат резултати.

Изготвува детални извештаи кои се разгледуваат од страна на Наставнички совет, со цел предлагање и донесување на конкретни мерки за намалување на отсуствата од настава.

Просечниот број на оправдани изостаноци по ученик на ниво на училиште за учебната 2021/2022 година изнесува 19, во учебната 2022/2023 година изнесува 21 и во 2023/2024 година до полугодие изнесува 17 изостаноци по ученик. Просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик за учебната 2021/20222 година изнесува 2 во учебната 2022/2023 година изнесува 2 и во 2023/2024 година, изнесува 1 изостаноци по ученик.

Споредбените податоци покажуваат дека најголем број од учениците се со примерно поведение. Во учебната 2021/20222 година, поведението на добро е намалено кај 16 ученика од здравствена струка. Во учебната 2022/2023 година поведението на добро е намалено кај 8 ученици, и во учебната 2023/2024 година добро поведение имале 2 ученици и 1 со незадоволително поведение.

Во учебната 2021/2022 година изречена е писмена опомена на 25 ученици, а во учебната 2022/2023 година изречена е писмена опомена на 9, 2023/2024 година до полугодие има кај 3 ученика и опомена пред отстранување на 1 ученик.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Во учебната 2021/2022 година, испишани се вкупно 16 ученици, во учебната 2022/2023 година испишани се 21 ученици и во учебната 2023/2024 година, испишани се 5 ученици, а како најчеста причина се наведува иселувањето во странство или во друго училиште. Евидентирана е и појава на запишување на ученици во училиштето од други училишта: во учебната 2022/23 година запишани се вкупно 11 ученици во учебната 2023/24 година запишани се 15 ученици. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. На полагање со една или две слаби нема ученици упатено на поправен испит.

Учениците и родителите се запознаени со правото за поднесување на жалба/приговор до Наставнички совет, доколку се незадоволни од оценките по одредени предмети.

## 3. **УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот.

Предметните наставници имаат изготвени годишни, тематски процесни планирања и подготовки за наставен час, и истите ги содржат непоходните елементи за реализација и организација на наставата. Глобалните планирања се изготвуваат во електронска форма. На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат планирањата кај педагогот, кој врз основа на образец со јасни критериуми, врши следење на квалитетот на планирањата и дава повратна информација.

Целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се утврдени во планирањата, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. Поголем број од наставниците навремено ги планираат: редовната, додатната и дополнителната настава. Се изготвуваат и планови за реализација на „Програмата образование за животни вештини“ на класните часови, за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини. Реализацијата на дополнителна и додатна настава, не е во согласност со распоредот на часови. Додатната се рализира само како подготовка за натпревари. Мал број од наставниците реализираат дополнителна настава, за која настава имаат само Годишно планирање, но не и плаирања за час. Наставниците изготвуваат дневни подготовки за час и кај поголем број наставници подготовките ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. За поефикасно планирање и реализирање на наставните часови, училиштето не дава стручна поддршка преку индивидуален пристап со наставници и на Наставнички совет. Училиштето

недоволно им овозможува на наставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа на дневните подготовки.

Наставниците планираат и разменуваат идеи и искуства на ниво на стручни активи. Поголем број од наставниците по стручни предмети, поради нестигот на учебниците, наставниот процес го реализираат преку презетации и пишани скрипти, кој учениците ги обезбедуваат со своја финансиска надокнада.. Наставата по анатомија и физеологија не е покриена со наставен кадар во временски период од три недели, по заминување на предметниот наставник на друго работно место...

Распоредот за дополнителна, додатна настава и слободни часови е истакнат во училиштето.

### 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи и расположливи нагледни средства. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик.

Наставниците користат одобрени учебници, дополнителна литература, податоци од интернет и расположливи ресурси.

Наставниците не ги запознаваат секогаш учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Поголем број наставници успеваат да создадат активна и динамична работна атмосфера, што е посебно изразено на часовите од практична настава. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка припадност.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат расположливите нагледни средства и 14 смарт табли, 3 интерактивни табли, 10 ЛЦД-проектори и недоволен број на телевизори ,графоскопи и микроскопи.

Практичната настава се организира и реализира со учениците од 2. 3,и 4 година во делумно опремени кабинети во училиштето, во ЈЗУ „Клиничка болница“ – Штип, болнички и приватни аптеки, приватни интерни и дентални ординациии, Здравен дом – Штип, Центар за Јавно здравје-Штип,како и во РЕ-Физикална терапија во Бања Кежовица за учениците од смерот-Физиотерапевтски техничар .

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Најмногу еднаш во полугодие да се врши посета на часови кај секој наставник.

Бидејќи стручните соработници до почетокот на оваа учебна година биле приправници, немаат самостојно извршено посета на час, истото им е дадено насока да го реализираат во второто полугодие во оваа учебна година. Раководниот орган во учебната 2023/2024 година , нема посета на наставните часови..

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

Учениците истакнуваат дека практичната настава им е најинтересна затоа што е поврзана со она што треба да го работат по завршување на образованието.

За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со наставата и надвор од наставата,

Учениците исто имаат учество во хуманитарни акции, крводарителски акции, учество и водење на обуки за прва помош, организирање на предавања за ХИВ/СИДА, остеопороза, шеќерна болест и слично.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Поголемиот дел од наставниот кадар ги препознава образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за подобрување на успехот на учениците.

Со цел задоволување на образовните потреби на учениците се планира додатна настава за учениците кои покажуваат посебен интерес кон одреден наставен предмет, а за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на одреден предмет се организира дополнителна настава. Поради голем број на часови во редовна настава, превоз на ученици, работа во две смени, но и незаинтересираност на дел од учениците, реализацијата на дополнителна и додатна настава делумно задоволува.

За задоволување на потребите на учениците, училиштето ги ангажира учениците за учество на општински, регионални и државни натпревари, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето.

Поголем број од наставниците при оценувањето се раководат од стандардите и критериумите за оценување дадени во националните наставни планови по наставните предмети што се изучуваат во училиштето и позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Мал дел од наставниците имаат сопствени критериуми за оценување. Наставниците при оценувањето најчесто користат писмени работи, тестови и усно испрашување. Кал помал број од наставниците тестовити се на повисоко ниво од наставната програмаи без бодовна скала. Наставниците кои предаваат практична настава водат портфолио за секој ученик со јасно дефинирани аспекти на оценување.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие и на крајот на прво полугодие и свидетелства на крајот на учебната година.

Најголем дел од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

## 4.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Поддршката на учениците и севкупната грижа за учениците во училиштето е релативно добра.

Училишната зграда е од тврда градба и е изградена во 1983 година.

Инфраструктурата во училишната зграда е во релативно добра состојба

Наставата се изведува во пространи и добро осветлени училници .

Пристапот во училишната зграда не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, и не е поставена пристапна рампа.

Во училиштето, за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи се обучени и имаат сертификат 10 вработени.

Училиштето има План за заштита и спасување од природни непогоди заведено со дел.бр.01-512/1 од 23.04..2019 година и измена на истиот заведено до дел.бр.01-935/2 од 01.11.2022 на кои позитивно мислење има дадено Дирекцијата за заштита и спасување заведено со дел.бр.03-566/1 од 13.05.2019 година

Последна вежба за напуштање (евакуација) на училишната зграда на ученици и вработени при симулација на пожар, е извршена на 04.11.2022 година

Училишната зграда нема камери за видео надзор.

Во училиштето поставени се по 6 хидранти и 16 противпожарни апарати.

Последно сервисирање на ПП-апаратите е извршено на 26.09.2023 година од страна на овластен сервисер „Заштита Трејд“.

Училиштето има поставено и громобранска инсталација , на која редовно се врши контрола на мерење на отпор на громобранско заземјување, од страна на стручни лица.

Последното мерење е направено на 15.11.2021 година.

Училиштето склучило договор за осигурување на вработените со осигурителна компанија.-УНИКА со бр.на полиса- 010010006594 , а за осигурување на ученици со осигурителна компанија ГРАВЕ бр.на полиса МК9000322 и МК9000297.

При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, бил вклучен и Советот на родители.

Зградата на училиштето е осигурана исто така преку осигурителна компанија УНИКА со осигурителна полиса број 08001П080098**. ИКТ опремата не е осигурана.**

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците,а квалитетот на достапна храна не задоволува.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за носење оружје, за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства.

Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и наставниците во училиштето и училишниот двор со дел.бр. 01-643/1 од 14.09.2020 година ,како и Куќен ред заведен со дел.бр.0101-530/1 од 14.09.2020 година.

Од страна на училишниот педагог и психолог со учениците се организирани следните работилници:

-На 15.09.2023 година од страна на училишниот психолог реализирана е работилница на тема –Мотивација со ученици од 1-6 клас.

-На 21.09.2023 година со учениците од прва година-насока-Гинеколошко-акушерска сестра ,организирана е посета на ПЗУ-„Д-р Органџиски“ со цел запознавање на на чинот на работа и организација на институцијата.

-На 06.10.2023 година во соработка со Црвен крст-Штип,се делени флаери за промоција на волонтерството и хуманоста.

-Одржана е работилница на тема „Клики мудро“ на 09.10.2023 година со учениците од прва година,во соработка со Медиа Плус.

-На 10.10.2023 година одржана е трибина на тема –Значењето на менталното здравје ,исто така во соработка со Црвен крст.

-На 16.10.2023 година од страна на училишниот педагог реализирана е работилница на тема –Емоции со учениците од 1-6 клас.

На 17 и 18.10.2023 година со учениците од прва година е одржана работилница на тема –Сексуално –преносливи болести,во соработка со Клиничка болница-Штип.

-На 10.11.2023 стручната служба ,зедно со претставници од Советот на родители и претседателите на класовите од 3 и 4 година,присуствуваа на проекција на краток документарен филм-„Излез“-по повод Европскиот ден за борба против трговија со луѓе и Илегална миграција,организиран од Отворена порта-Ла Страда во партнерство со ЛС.

-На 13.11. 2023 година во соработка со ЛС,Францускaта амбасада ,Хера-Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Стручната служба на училиштето и еден стручен наставник присуствувале на настан на темаКолку се важни образовните програми за благосостојба и ментално здравје кај младите.

-На ден 10.12.2023 година со учениците од 1-1 клас одржана е работилница на тема-Секој има право на живот,слобода и сигурност на личноста,како и на тема-Сите се исти пред законот и право на законска заштита.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. На часовите на класната заедница се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти.

Училиштето има процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици, преку хуманитарни акции од страна на раководниот вработените и учениците .

### 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории, ходниците и тоалетите не е на задоволително ниво, и според изјавите на учениците таа треба да биде на повисоко ниво.

Во училиштето, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во учебната 2023/2024 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена и на 12.01.2024 година.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи,последните систематски прегледи се извршени за учениците од 4 година во периодот од 24.01.2023 до 01.02.2023 и редовен систематски преглед за учениците од прва година во период од 27.03-04.04.2023 година.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат и санитарни книшки.

Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

Последниот систематски преглед на вработените е извршен на 26.10.2022 година од ПЗУ Д-р Ацо Николов –Штип.

Училиштето има договорени процедури за грижа за здравјето на учениците и вработените кои редовно и навремено се спроведуваат во соработка со родителите и здравствените установи.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за професионална ориентација на учениците.

Педагогот и раководителите на паралелки се одговорни за реализација на активностите предвидени со планот за професионална ориентација на учениците.

Со учеиците од 4 година, водени се разговори со стручната служба за избор на високо образовна институција за учениците .

Факултетите, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во високото образование.

На учениците им се обезбедуваат информации за можностите за понатамошно образование. Тие се запознаваат со Конкурсот за упис на државните и приватните универзитети во државата.

## 4.4 Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците, родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Училиштето е отворено за соработка со родителите секој работен ден, бидејќи на тој начин им овозможува на родителите на учениците кои доаѓаат од други општини, да го посетат училиштето секогаш кога се во можност.

## 5 . Училишна клима

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Најголем број од наставниците уживаат респркт кај родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Раководниот орган и стручните соработници имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите. Училиштето има Кодекс на однесување на наставниците, во кој се регулирани правилата на однесување на наставникот во училиштето. Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот, се постапува согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи и Законот за јавни службеници. Во изминатите пет учебни години, не е покрената постапка против наставник заради непочитување на правилата.

Училиштето има донесено и Кодекс на однесување на учениците. Учениците со Кодексот на однесување се запознаени на почетокот на учебната година од страна на класните раководители. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки утврдени во Упатството за начинот на изрекување на педагошките мерки во средните училишта. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Споредбените податоци покажуваат дека најголем број од учениците се со примерно поведение. Во учебната 2023/2022 година, изречени се 27 педагошки мерки од кои на 25 ученици им е изречена писмена опомена и на 2 ученици им е изречена мерка пред отстранување од училиштето, 2022/2023 година, изречени се 10 педагошки мерки од кои на 9 ученици им е изречена писмена опомена и на 1 ученик му и е изречена мерка пред отстранување од училиштето и во учебната 2023/2024 година, изречени се 4 педагошка мерка од кои на 3 ученици им е изречена писмена опомена и на 1 ученик му е изречена мерка - пред отстранување од училиштето.

Во училиштето е донесен Куќен ред, во кој се утврдени правилата на однесување во училиштето. Во училиштето има формирано Ученичка заедница, во која членовите се избрани на демократски начин. Ученичката заедница има Годишна програма за работа. За реализацијата на содржините од програмата за работа, учениците добиваат поддршка од училиштето. Учениците самоиницијативно не превземаат чекори за реализирање на активности во интерес на учениците и покрај тоа што сметаат дека постојат теми за кои како ученичка заедница имаат одговорност. Учениците преку нивната заедница најчесто се носители на хуманитарни акции, еколошки акции,а соработуваат и со организацијата на Црвениот крст.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Стручната служба ги собира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на патрониот празник , преку Facebook и web - страната на училиштето, локални и државни медиуми.

Постигањата на учениците се промовираат и од страна на општината, кога на учениците кои на натпревари постигнале високи резултати им се доделува парични средства и благодарница. На ниво на училиште се организираат најмалку пет родителски средби во учебната година.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите

ученици. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето е вклучено во проектот на МОН за Меѓетничка интеграција, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

Во рамки на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието“, обезбедено е партнер училиште СОУ„Дрита“ Кичево, со кој е потпишан договор за соработка со бр. 09-664/1 од 16.09.2015 година. Во последните 7 години училиштето нема соработка со партнер училиштето. Во тек е склучување на нов меморандум со партнер училиште од Општина Куманово.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните ниво на одлучување (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второ полугодие. На родителските средби присуствуваат најголем број од родителите кои се од општина Штип, додека родителите на ученици од други општини не секогаш успеваат да присуствуваат на групни родителски средби. Комуникацијата на училиштето со родителите се остварува и преку индивидуални родителски средби. Училиштето е отворено за соработка со родителите секој работен ден.

Училиштето соработува со Локалната самоуправа. Учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Соработката на училиштето со локалната и деловната заедница е директно, со вклучени членови во Училишен одбор и Совет на родители. На состаноците со членовите на овие органи беа изнесени и конкретни примери на соработка и разрешување на проблеми. Училиштето соработува со институции како: средни и основни училишта од општината и регионот, МОН, БРО, ДПИ, Одделението за превенција при МВР – Штип, Центар за јавно здравје, со Клиничка болница Штип, со општинската организација на Црвен Крст - Штип, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, Младинска банка, библиотека „Гоце Делчев“- Штип, ЈП „Исар“, ЈП „Стипион“ и др.

Соработката со бизнис секторите е со склучени мемoрадуми за дуалното образование

## 6.Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда.

Училишната зграда е изградена во 1983 година и се состои од приземје и два ката. Најголем број од училишните простории ги исполнуваaат условите за работа, за учениците и наставниците во две смени.

Училишната зграда е со вкупна површина од 2 641 $м^2$, располага со 14 училници, 7 кабинети (информатика, хемија, кабинет по фармација, два кабинети по основи на нега, кабинет за забен техничар и кабинет за масажа), библиотека и кариерен центар. Во училиштето има седум административни простории (канцеларии) за директор, помошен - директор, педагог, наставници, секретар, книговодител и благајник, просторија за техничкиот кадар, како и неколку помошни простории, просторија за технички персонал, магацин, котлара и др.

Училишниот двор е ограден со метална ограда со три влеза, со површина од 2 900 $м^2$ и е хортикултурно уреден.

Училиштето располага со спортски терени со гумиран под со површина од 709 $м^2$.

Спортската сала е со нестандардни димензии со површина од 300'. Во делот кај спортската сала има простории за наставниците, соблекувални за учениците, за спортските реквизити и санитарни јазли. Соблекувалните не ги задоволуваат потребите за учениците при реализација на наставни часови со повеќе од еден клас.

Кога временските услови се поволни, наставата по спорт и спортски активности се реализира на отворените спортски терени.

Просториите во училиштето се загреваат со топловоден систем на нафта и со клима уреди. Обезбедени се два парни котла за постојано функционирање на системот за греење.

Училиштето е обезбедено со 16 противпожарни апарати кои редовно се сервисират, хидранти 6 како и громобранска инсталација.

Училиштето има систем за електронско читање на работното време.

Училишните згради и вработените се осигурени во осигурителнакомпанија „Уника“, учениците се осигурени во осигурителна компанија „Граве“. ИКТ-технологијата не е осигурани.

Во средното медицинско училиште настава посетуваат 651 ученик од I до IV година, распоредени во 28 паралелки. Наставата се реализира во две смени.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето не располага со доволен број на наставни средства и помагала согласно Стандардите за простор и опрема кои за секоја одделна струка се дадени од Центарот за средно стручно образование и обука.

Наставниците кои ги водат стручните предмети се запознаени со овие стандради и имаат изготвени функционални споредбени анализи за покриеноста на наставни средства и опрема во кабинетите и работилниците во училиштето.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала во однос на информатичката технологија е добра, но за реализација на практичната настава недостасуваат нагледни средства и матерјали за работа во кабинетите..

Потребите од наставни средства и помагала, училиштето ги утврдува на ниво на активи и настојува да ги обновува потребите на образовниот процес и практичната настава во согласност со финансиските можности.

Училиштето располага со следниве наставни средства: смарт табли-14, инерактивни табли-3, ЛЦД-проектори-10, ЛЦД-телевизор-4, 4- DVD плеери, 6- компјутери, 34- микроскопи, 3- радио касетофони, 6- свинго манометри, 1- глукометар, дигитална камера и фотоапарат, 8-принтери, 1-скенери, 2-фотокопир, хемиски прибори, спортски реквизити и др.

За наставниците се обезбедени 52 лап-топ компјутери, сите се функционални. Интернет пристапот е со не постојан квалитет.

Училишната библиотека располага со 5 513 наслови и 8127 примероци од различен жанр: дела од I до IV година, слободна литература, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Последна набавка на книги е донација од Министерството за образовани и наука на стручна литература на англиски јазик.

Во библиотеката се ангажирани тројца наставници кои доплнуват до полно работно време (наставник по билогија – 2 настави часови, бизнис- 4 настави часови и стручни предмети-8 настави часови). Библиотечната евиденција се води електронски и во пишана форма. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден според работно време кое е усогласено со часовите на наставниците-библиотекари и е истакнато на училишната библиотека. Библиотекарите немаат изготвено Годишна програма за работа на библиотеката. Во билиотеката се примаат и дистрибуираат и бесплатните учебници.

Училиштето планира и обезбедува потрошен канцелариски материјал потребен за реализација на наставните активности, и потрошен материјал за потребите на практичната настава во кабинетите. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат: 54 наставници, (2 - д-р, 3-м-р и 49-ВСС ). Од наставниот кадар, 42 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 1 наставник е вработен на неопределено работно време со неполн фонд на часови, 6 наставника се вработени на определено работно време со полн фонд на часови, 5 наставника се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови, одреден број на наставници дополнуваат часови во друго училиште и обратно. Пет наставиници се несоодветен и тоа: латински јазик, медицински предемети, два наставника за практична настава за медецински сестри, наставник за стоматолошки предмети и наставник по Анатомија. За овие наставници училиштето редовно распишува огласи, на кои , не се јавува соодветни наставни кадари.

Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Двајца од вработените наставници се власи, а останатите 52 се македонци.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес е вклучен и стручни соработници психолог и педагог. Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, од страна на раководниот и административниот кадар - директор, секретар, благајник и книговодител. Хаусмајстор, ноќен чувар и пет хигиеничари го сочинуваат техничкиот персонал во училиштето.

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи, за кое сведочат многубројните резултати. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот.

Педагогот и психолог се вклучени во сите активности со учениците и наставниците, согласно годишните програми за работа кои се во состав на Годишната програма на училиштето.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето има Програма за професионален развој на наставниците која е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има воспоставено систем за десиминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на годината. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.

Нема реакции на транспарентноста при изборот на наставниот кадар кој ги посетува обуките. Се вршени анкети за потребите на наставниците од обуки и е констатирано дека иаат потреби од обуки на наставниот кадар.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено финансиски план, усвоен извештај - завршна сметка и План за јавни набавки дел.бр.01-93/1 од 24.01.2024 година. Финансиското работење се контролира од Училишниот одбор.

Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки формирана. Во комисијата има член кој е истовремено и член на Училишен одбор. Јавните набавки ги врши овластено лице ( кое е вработено во општина Штип) со кој училиштето има склучено договро ( со физичко лице) за реализација на јавните набавки и за нивните услуги се предвидени рамковни средства во планот за јавни набавки.

Училиштето врши набавки како: електрична енергија, средства за хигиена, материјали за потребите на фармацијата, канцелариски материјали, материјали за АОП,

наставно образовни помагала, училишни материјали, превоз на ученици, систематски прегледи и санитарни прегледи на вработените.

Училиштето обезбедува средства од: издавање на спортската сала, од провизии од кафе-мати, вендик машина прехабени пакувани производи, издавање на дупликат свидетелства и дипломи, издавање на потврди на годишен фонд на часови по предмети, уписи и испити од вонредни ученици и продажба на стари прозори и врати. Постапките за уписи, полагање на испити и финасирањето на вонредното образование е во согласност со Правилникот на Министерот за образование и наука, за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното образование.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети секогаш се поврзани со подобрување на материјалните и човечките ресурси во училиштето. Училишниот одбор редовно врши измена на финансиските текови кон крајот на годината преку предлагање на ребаланс кој се доставува до Совет на општина. Средствата од сопствените приходи се планираат и се користат и за тековно одржување, набавка на наставно нагледи средства и котизации за учество на натпревари.

Буџетот се користи за краткорочни цели или приоритети што се поврзани исклучиво со подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

## *7.* Управување и раководење со училиштето

### 7.1.Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат, претставникот од стопанска комора на Македонија од 2019 година, само еднаш има присуствувано на седница на УО. Претседател на УО, согласно Законот за средно образование е од редот на наставниците.

Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на ден 27.02.2008 година, заведен со арх.бр 0101-75.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со арх. број 02-677/2 од 10.06.2019 година.

Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН со арх.бр. Уп.1. 18-1396 од 19.06.2019 година.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат (но има членови кои не присуствуваат на состанок, конкретно членот од Стопанска комора). Секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници (записничар е наставник по англиски јазик) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-590/2 од 14.08.2023 година, со одлука од општината бр. 08-6018/1 од 26.09. 2023 година.

Директорот на училиштето е именуван со Решение на Градоначалникот на Штип, со арх.бр. 09-5393/2 од 04.09.2023 година...Во последните 10 години , во училиштето се именувани 5 директори.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Ја организира работата во училиштето и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства. Директорот не ја следи наставата, за време на едно полугодие се посетуваат наставниците само доколку се јави некој проблем во училницата .

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, но не е доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес. Во неговиот мандат нема изречено писмени опомени за наставници, за недолично однесување, немање дневен оперативен план за час и тематско планирање и др.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма, Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик, и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуација до денес направена е реконструкција на систем за парно греење, замена на ПВЦ столарија на цело училиште 2023 година, замена на стара ограда во училишниот двор, замена на осветлување во училниците со штедливи светилки, набавка на клима уреди за кабинетите, набавка на смарт табли, реконструкција на кабинетот по фармација, замена на внатрешните врати, набавка на матерјали за практична работа во работилниците, санација на дел од покривна конструкција со инсталирани 25 KW часови- фотоволтаични панели, промена на санитарните јазли и реконструкција на спортски терен во дворот на училиштето.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за средно`образование.

Резултатите од Самоевалуацијата се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака, трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на средното училиште. Советот на родители имаат изготвена Годишна програма за работа и деловник за работа со број 0101-76 од 27.02.2008 година. Изграден е партнерски однос со директорот и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно-образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма, како и за управување со финансиите во училиштето.

Советот на родители не бил функционален и за време на on-lline наставата. Уредно ги свикуваат состаноците и сите членови се со легитимни мандати. На состанокот родителите истакнаа проблем со Правилникот за организација на екскурзиите, поточно датумите кога истите се изведуваат, најниската понуда не соодвествува со реализацијата кој тие ја сакаат за своите деца, иако директно се поврзани со целиот процес, нерегулиран прево на учениците за практична настава по физеотерапевти и немање на учебници по стручните предмети.

Директорот обезбедува финансиските средства, и секогаш наменски и транспарентно ги троши. Покрај средствата од Министерство за образование и наука, училиштето обезбедува и дополнителни средства од апаратите за кафе и безалкохолни пијалоци, упис на вонредни ученици - дипломи , свидетелства...и издавање на втор примерок на дипломи, како и издавање на спортската сала.

Училиштето не обезбедува дополнителни средства од проекти со локалната самоуправа, донации од бизнис секторот.

Директорот учествува во работата на наставнички совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

### 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето, и со истите се вршат едукации.

Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се: меѓуетничка интеграција на младите во образованието, интеграција на еколошкото

образование во образовниот систем, дуалното образование, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и Центар за средно стручно обарзование.. Училиштето е вклучено и во проекти надвор од МОН и тоа во Еразмус програми во соработка со национална агенција за Европски програми и мобилност..

Училиштето има аплицирано во проект за финансиска подршка во нагледни средства „ Насоки за третиот повик за изразување на интерес за регионалниот фонд за предизвици на Западен балкан- 6“, кое ја има поминато првата фаза на селекција.

Училиштето има аплицирано во проек на Јапонска амбасада за набавка на КАТ_КАМ машина за забни техничари.

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цел.

Училиштето има изработено Самоевалуација со дел.бр. 01-838/2 од 06.10.2022 година и Акциски план на извештај од самоевалуацијата со број 01-1110/2 од 23.12.2022 година, во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-1118/2 од 23.12.2022 година.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите, но со временски рок од 4 години ( 2023- 2026), а не конкретно по години за континуирано извршување.

Во Програмата за развој на училиштето, тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики не е подеднакво застапено по години.

Во неа се разработувааат седум развојни цели за предвидените подрачја на промени, со временска рамка за секоја учебна година во периодот од 2023 до 2026 година. Во програма се опфатени сите фази од концептот на развојно планирање. Анализите за состојбите и планирањата се изведени според концептот на интегралната евалуација односно се анализирани седумте подрачја за работа на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени ( со мали исклучоци). Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. За оваа година во планот за јавни набавки бр. 01-93/1 од 24.01.2024 година, во кој се планирани финансиски средства за набавки на стоки и услуги: електрична енергија, матерјали за потребата на фармација, наставно- образовни помагала, училишни и канцелариски матерјали, средства за хигена и услуги, превоз, систематски и санитарни прегледи на вработените. Набавките се реализираат во согласно законот за јавни набавки.

Тендерската постапка во училиштето ја спроведува лиценцирано лице од надвор ( 11-4/299 од 13. 10. 2023 година), Кирил Јорданов- вршител на интелектуална услуга од Штип. Број на договор 03- 98/1 од 26.01.2024 година.

Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници која составен дел на Годишната програма за работа на училиштето со број 01-590/2 од 14.08.2023 година.

Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници, наставни помагала), за сите ученици, без оглед на националната припадност.

Училиштето според потребите и можностите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

## Наоди и препораки

### Силни страни

- Добри просторни услови за работа во училиштето;
- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина за учење;
- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците и изготвува детални извештаи според полот, по сите наставни предмети, паралелки, по струки за сите квалификациони периоди;
- Целосна покриеност на потребите на учениците за реализација на практична настава преку склучени договори со фирми и компании од Штип и околните општини.
- Одржување на бројот на запишани ученици во последните неколку години
- Известувањето за напредокот на учениците е редовно и навремено
- Училишната клима, односите меѓу раководниот, наставниот кадар, родителите и учениците.
- Добра соработка со локалната и бизнис заедница, обезбедување на средства од сопствени приходи
- Училиштето низ организирани форми поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците, вработените и локалната заедница, и им овозможува на учениците да иницираат активности и преземаат одговорност во и надвор од наставата;
- Реалзирани се поголем број на инфраструктурни проекти за одржување и подобрување на условите за работа;

### Слаби страни

- Нецелосно исполнување на распоредот за реализацијата на дополнителна и додатна настава;
- ИКТ технологијата не е осигурана;
- Недоволна опременост на кабинетите со нагледни средста за практичната настава.
- Набавка на скрипти, дневници за практична работа, феријална пракса со финансиски средства на учениците.
- Следењето на наставата од страна на директорот, педагогот не е во потребниот обем и динамика;
- Хигиената во училиштето, соблекувалните во спортската сала делумно задоволува;
- Пристапот во училишната зграда не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, и не е поставена пристапна рампа.

### Препораки

- Училиштето да спроведе постапка за целосно исполнување на распоредот за дополнителна и додатна настава;
- Училиштето да спроведе постапка за осигурување на ИКТ - технологијата;

- Училиштето да обезбеди опрема и матерјали за реализација на практичната настава во училиштето.
- Да планира финансиски средства за скрипти, дневници за практична работа, феријална пракса.
- Следење на наставниот процес преку посета на наставни часови од страна на раководниот орган и педагогот во училиштето.
- Да се подобри хигиената училиштето и соблекувалните во спортската сала.
- Да се обезбеди пристапна рампа за учениците со физички хендикеп.

| | |
|---|---|
| Татјана С. Алексова, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Зоран Ѓоргиев, Инспектор | |
| Дејан Доневси, Инспектор | |